АФПЗРР

# ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

# НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2018 ГОДИНА

# У П А Т С Т В О

## ЗА КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2018 ГОДИНА ЗА:

- **МЕРКА 121 - ИНВЕСТИЦИИ ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА;**
  - **(за подигнати повеќегодишни лозови и овошни насади, повеќегодишни ароматични растенија и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) на нови површини во периодот од 1 до 30 септември 2017 година и периодот од 1 јануари 2018 година до 30 септември 2018 година)**

- **(за набавени приплодни грла добиток во периодот од за периодот од 1 до 30 септември 2017 година и периодот од 1 јануари 2018 година до 30 септември 2018 година)**

# *ВОВЕД*

Ова Упатство има за цел запознавање на корисниците со целта, начинот на спроведување и намената на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за Мерка 121 - Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства.

Упатството вклучува и објаснување по однос на процесот на доставување на документи, обработка на барањата, контрола на лице место и реализација на инвестициите.

# *МЕРКА 121 - ИНВЕСТИЦИИ ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА*

## *ОПИС НА МЕРКАТА*

### ПОДДРШКАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ СТОПАНСТВА СЕ РЕАЛИЗИРА ПРЕКУ УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИЗИЧКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО СТОПАНСТВО:

Целта на мерката 121 – „Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства“ е подобрување на целокупните резултати од работењето на земјоделското стопанство и достигнување на повисоки стандарди од минималните стандарди утврдени со законите од областа на земјоделството или новововедени стандарди од областа на земјоделството.

Инвестициите согласно оваа мерка се наменети за зголемување на ефикасноста на производството преку намалени трошоци за земјоделско производство и подобрување на квалитетот на земјоделско производство, и/или за достигнување на повисоки стандарди од минималните стандарди утврдени со закон или за достигнување на новововедени стандарди согласно со закон и тоа само за оние инвестиции кои се сметаат за дополнителни инвестиции за достигнување на минимални стандарди и не доведуваат до зголемување на производниот капацитет

# *ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ И ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ПО ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ*

Прифатливи се следниве инвестициони активности за подигнување на повеќегодишни нови лозови и овошни насади, повеќегодишни ароматични растенија и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) на нови површини во период од 1 до 30 септември 2017 година и период од 1 јануари 2018 година до 30 септември 2018 година и тоа за:

- Набавка на повеќегодишни растенија
- Градежни материјали и елементи за потпорна конструкција (вклучително и маркирни столбови) за подигнатиот нов насад
- Услуги од трети лица за припрема на земјоделско земјиште за садење и садење на повеќегодишни растенија и
- Услуги од трети лица за извршување на градежни работи и монтирање на елементите констукција на елементи и инсталирање на опремата

*Упатство за корисници на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој 2018*

Прифатливи се следниве инвестициони активности за набавка на добиток со потекло од признати организации на одгледувачи на добиток од Република Македонија и од увоз :

- набавка на високостелни педигрирани јуници (со иклучок на јуници од расата Буша)
- набавка на педигрирани машки и женски приплодни грла овци (оригинални и репродуктивни)
- набавка на педигрирани машки и женски приплодни грла кози (оригинални и репродуктивни)
- набавка на педигрирани свињи (нерези и назимки) – оригинали и хибриди

## *КОРИСНИЦИ*

**Општа дефиниција на корисник**

За проектите од мерка 121 потенцијален корисник е земјоделско стопанство упишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во согласност со Закон за земјоделството и рурален развој по следниве основи:

**Физички лица:**

- Индивидуален земјоделец – носител на земјоделско стопанство вршител на земјоделска дејност согласно Закон за вршење на земјоделска дејност;
- Индивидуален земјоделец – носител на семејно земјоделско стопанство кој се стекнал со статус на осигуреник согласно Закон за пензиско и инвалидско осигурување;
- Индивидуален земјоделец – носител на земјоделско стопанство кој се занимава со земјоделство како дополнителна дејност;
- Трговец поединец – регистриран согласно Закон за трговски друштва;

**Правни лица:**

- Трговски друштва регистрирани согласно Закон за трговски друштва;
- Земјоделски задруги – регистрирани согласно Закон за задруги

НАПОМЕНА: Барателите треба да го ажурираат статусот и податоците на земјоделското стопанство во Единствениот регистар во земјоделски стопанства и истото можат да го направат во Подрачната Единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## *КРИТЕРИУМИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ БАРАТЕЛОТ И МАКСИМАЛНА ВРЕДНОСТ НА ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ.*

| ПРОИЗВОДНИ КАПАЦИТЕТИ НА БАРАТЕЛОТ | | |
|---|---|---|
| **Тип на инвестиции** | **Соодветни капацитети** | **Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник** |
| 1) Подигнување на нови лозови насади | Минимум 0,2 ха; | до 2.500.000 денари прифатливи трошоци по поединечен корисник |
| 2) Подигнување на нови овошни насади, ароматични растенија и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) на нови површини | Минимум 0,2 ха; | до 2.500.000 денари прифатливи трошоци по поединечен корисник |
| 3) Набавка на добиток | Набавка на високостелни педигрирани јуници, набавка на педигрирани машки и женски приплодни грла овци и кози, набавка на педигрирани свињи (нерези и назимки) – оригинали и хибриди, со потекло од признати организации на одгледувачи на добиток од Репулика Македонија и од увоз | до 6.500.000 денари прифатливи трошоци по поединечен корисник |

При спроведување на мерката инвестиции во земјоделски стопанства односно инвестиции за подигнување на лозови и овошни насади на нови површини од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој, Агенцијата за утврдување на критериумот минимална површина и прифатлив број на садници ја зема во предвид вкупната површина (вклучително и манипулативниот простор) на која е подигнат насадот.

НАПОМЕНА: Прифатливи се само подигнати садници на нови површини. Под нова површина се подразбира површина за која во претходните две години не е поднесено барање за директни плаќања по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки лозов, односно постоечки овошен насад. Доколку новите садници се подигнати на истите површини се работи за реконструкција на насад, а не подигнат нов насад на нови површини.

Производство, подготовка за трговија, увоз – извоз, трговија на големо на семенски и саден материјал од земјоделски растенија, трговија на мало и семенски и саден материјал од земјоделски растенија, можат да вршат домашни и странски правни или физички лица – снабдувачи кои се запишани во регистарот на снабдувачи на семенски материјал и во

регистарот на снабдувачи на саден материјал- Законот за семе и саден материјал ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15, 39/16 и 71/16).

За подигнување на нови лозови насади корисникот, задолжително треба да изврши агрохемиска анализа на почвата, избраните сорти да се во согласност со листата на домашни и странски признаени или одобрени сорти винова лоза и лозни подлоги, а бројот на посадочен материјал по хектар обработлива земјоделска површина да е најмалку 1389 садници/ха.

За подигнување на нови овошни насади, ароматични растенија и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) на нови површини корисникот, задолжително треба да изврши агрохемиска анализа на почвата, видот на овошниот насад и бројот на сертифициран посадочен материјал по хектар да е во согласност со Табелата подолу.

Службен весник на РМ, бр. 35 од 24.2.2016 година

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-1372/5
19 февруари 2016 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
м-р **Михаил Цветков**, с.р.

**Прилог**

| Ред.бр | Насад | Прифатливиот број на садници по хектар е над |
|---|---|---|
| 1 | Јаболка | 400 |
| 2 | Круша | 330 |
| 3 | Дуња | 500 |
| 4 | Мушмула | 550 |
| 5 | Слива | 330 |
| 6 | Праска | 330 |
| 7 | Кајсија | 400 |
| 8 | Цреша | 240 |
| 9 | Вишна | 500 |
| 10 | Орев | 70 |
| 11 | Бадем | 330 |
| 12 | Лешник | 270 |
| 13 | Питом костен | 200 |
| 14 | Актинидија (киви) | 550 |
| 15 | Маслинка | 330 |
| 16 | Калинка | 620 |
| 17 | Јапонско јаболко | 330 |
| 18 | Смоква | 500 |
| 19 | Аронија | 1400 |
| 20 | Боровинка | 2200 |
| 21 | Рибизла | 3330 |
| 22 | Малина | 8000 |
| 23 | Капина | 1250 |
| 24 | Јагода | 31000 |
| 25 | Гоџибери | 2500 |
| 26 | Шип | 1660 |
| 27 | Жалфија | 35000 |
| 28 | Оригано | 80000 |
| 29 | Лаванда | 16700 |
| 30 | Мајоран | 65000 |
| 31 | Мајчина душица | 70000 |
| 32 | Тимјан | 75000 |
| 33 | Рузмарин | 50000 |
| 34 | Нане | 70000 |
| 35 | Маточина | 37000 |
| 36 | Кантарион | 36000 |
| 37 | Смилје | 17000 |
| 38 | Конопица | 4000 |

## *НАЧИН НА КО-ФИНАНСИРАЊЕ*

### *ОПШТИ ПРИНЦИПИ*

Финансирањето од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година се врши врз основа на одобрено барање за исплата. Исплата на средства се врши по целосна реализација на инвестицијата согласно условите и критериумите за финансиска поддршка. Корисникот на Програмата во целост е одговорен за реализација на одобрената инвестиција.

Финансиската поддршка се исплаќа по принцип на ко-финансирање на реализирани и исплатени инвестиции од страна на корисникот во висина од 50% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци.

Ставката на ко-финансирање се зголемува во одредени случаи, и изнесува:

- 55% од вредноста на одобрената инвестиција, за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување на инвестицијата;
- 60% од вредноста на одобрената инвестиција, за инвестиции во земјоделско стопанство кое се наоѓа во подрачје со ограничени можности;
- 65% од вредноста на одобрената инвестиција, за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување кое се наоѓа во подрачје со ограничени можности.
- 75% за инвестиции во недостапни рурални заедници

### *ОСТАНАТИ ПРИНЦИПИ*

- **Принцип на единечно финансирање** – Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година финансира типови на инвестиции кои не се финансираат од други грант фондови, од Буџетот на Република Македонија или други фондови од донаторски или финансиски институции, а се со цел да се избегне двојно финансирање на самата инвестиција.
- **Принцип на грант** – Поддршката по овој основ подразбира доделување на неповратни финансиски средства (грант) од Буџетот на Република Македонија.

## *ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ*

Избор на корисници се врши со проверка на исполнување на условите за користење на средства за инвестиции предвидени со мерката 121. Барателите кои ги исполниле условите за стекнување со право на користење финансиска поддршка се рангираат со бодување согласно подолу прикажаната табела. Агенцијата ќе изврши исплата во рамките на расположливите средства утврдени со Програмата.

| Показатели | Бодови |
|---|---|
| Доколку вкупната вредност на инвестицијата не надминува 600.000 денари | 70 |
| Доколку вкупната вредност на инвестицијата е помеѓу 600.001 денари и 800.000 денари | 60 |
| Доколку вкупната вредност на инвестицијата е помеѓу 800.001 денари и 1.200.000 денари | 50 |
| Доколку носителот на земјоделското стопанство односно едно од одговорните лица на правното лице е на возраст од 18 до 40 години на денот на поднесување на барањето, **или**<br>доколку носителот на земјоделското стопанство односно едно од одговорните лица на правното лице е жена | 30 |

## *ПОСТАПКА ПРЕД АФПЗРР*

1. **Поднесување на барање**

Барањата се поднесуваат електронски по извршена регистрација на e-baranje.ipardpa.gov.mk

Барателите потребно е да креираат електронско барање за исплата со бараните податоци и да прикачат задолжителни електронски документи (фактури или сметкопотврда кои ги докажуваат реализираните трошоци, детални испратници за испорачаните садници/добиток, уредно заверени, Решение за запишување на земјоделско стопанство во ЕРЗС при МЗШВ не постаро од три месеци од денот на објавување на јавниот повик, фискална сметка или налог за плаќање ПП30 со извод за плаќање или налог за плаќање ПП10 со извод за плаќање на име на добавувачот, образец на Договор уредно заверен со потпис и печат и други).

**Образец на договорот, во 4 примероци (ОРИГИНАЛ), уредно заверен со потпис и печат на барателот, да се достави со целокупната документација до Агенцијата!**

Електронски пополнетото барање за исплата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година на македонски јазик, уредно заверено со потпис и печат од барателот, заедно со целокупната потребна документација оригинал се доставуваат во затворен плик со назнака на предната страна на пликот во горниот лев агол "НЕ ОТВАРАЈ" Барање за исплата и Архивски број на Барањето (0418-12125-XXXX/1). Барањето може да се достави по пошта или лично во писарницата на Агенцијата, во спротивно Агенцијата не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на барањето.

Потребните документи се доставуваат до:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој, Сектор за одобрување исплата, ул. „3-та Македонска бригада" бр. 20 зграда на Македонија Табак блок Ц 1000 Скопје, Република Македонија** или лично на рака во писарницата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР), на истата адреса.

Упатството за регистрација на барателите во системот за електронско поднесување на Барање за исплата може да се превземе на почетната страна на e-baranje.ipardpa.gov.mk. Упатството за корисници за поединечна мерка може да се превземе по започнување на креирање на барање за мерката.

2. **Обработка на барање и избор на корисници**

3. **Обработка на барање за исплата и постапка за одобрување на исплата**

Откако ќе биде завршена инвестицијата корисникот треба да достави барање за исплата и останата документација со која ќе се потврди дека инвестицијата е завршена. Документите кои ќе бидат доставени од страна на корисникот треба да бидат заверени со потпис и печат од органот/фирмата која ги издава.

Проверката на финансиската документација се извршува исклучиво на оригинали или копии заверени на нотар при што во случај да се доставени оригинални документи после завршување на постапката за одобрување на исплата Агенцијата ги враќа истите заедно со донесеното решение до крајниот корисник. Истите ќе бидат означени со печат на Агенцијата како би се избегнало понатамошно двојно финансирање.

Доколку документите кои се пропратни кон барањето за исплата се доставаат после рокот, барањето ќе биде одбиено и износот на финансиска поддршка нема да биде исплатен.

Доколку се настанати промени во барањето за исплата т.е се набават активности кои не се предмет на финансика поддршка, истото барање нема да биде исплатено, или ќе биде делумно исплатено во зависност од ефектот кој настаната промена ќе го има врз целокупната инвестиција.

По административната проверка доколку барањето за исплата е комплетно и соодветно, предметот ќе биде проверен на лице место од страна на овластени лица на Агенцијата кои имаат за цел да ја проверат реализацијата на инвестициајта во целост согласно барањето за исплата. По извршената контрола на лице место, ќе биде изработен извештај во кој детално ќе биде опишана фактичката состојба утврдена на лице место. Истиот треба да биде потпишан од страна на лицата кои ја вршат контролата и од самиот корисник или овластено лице од страна на корисникот. Во случај на забелешка на извршената контрола, корисникот има право истата да ја наведе во извештајот.

По извршената контрола, доколку се констатира дека реализацијата на инвестицијата е во целост, се продолжува со постапката за одобрување на исплата. Доколку се констатира неусогласеност на процесот на реализација на инвестицијата во целост и во согласност приложената документација се продолжува постапката за одбивање на барањето за исплата.

Финансиска поддршка се исплаќа само за констатираниот жив број на саден материјал или констатиран добиток, доколку е во согласност со условите и критериумите утврдени со Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој.

Откако ќе биде одобрена исплатата, Агенцијата донесува решение за одобрување на исплата. Доколку биде одбиено барањето за исплата, Агенцијата донесува решение за одбивање.

Со решението крајниот корисник ќе биде известен за сумата која му е одобрена т.е одбиена, притоа може да приложи тужба во управна постапка до Управен суд согласно законските предвидени постапки.

До корисникот заедно со решението ќе биде доставен и 2 примерока од договорот за користење на финансиска поддршка со прилог за инвестицијата која е одобрена.

Против решенијата на АФПЗРР не е дозволена жалба и истите се конечни во управна постапка.

Против решенијата на АФПЗРР може да се поведе управен спор во рок од 30 дена по прием на решението. Поведувањето на управниот спор не го одлага извршувањето на решението (член 20 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/07, 05/09,43/14, 193/15 и 39/16).

*Упатство за корисници на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој 2018*

## *ГЕНЕРАЛНИ НАПОМЕНИ*

1. Барателот поднесува уредно и комплетно пополнето барање за исплата.
2. Барателот ја доставува документацијата во затворен плик преку препорачана пошта на адреса: Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сектор за одобрување исплата, ул.Трета Македонска Бригада бр. 20 (зграда Македонија Табак блок Ц) 1000 Скопје, или со предавање во архивата на Агенцијата секој работен ден од 9:00 до 16:00 часот. На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува "НЕ ОТВАРАЈ" и мерката/потточка за која аплицира.
3. Барателот ја доставува дополнителната документација во затворен плик преку препорачана пошта на адреса: Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сектор за одобрување исплата, ул.Трета Македонска Бригада бр. 20 (зграда Македонија Табак блок Ц) 1000 Скопје, или со предавање во архивата на агенцијата секој работен ден од 9:00 до 16:00 часот. На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува "НЕ ОТВАРАЈ" дополна за архивски број кој ќе биде наведен во известувањето за дополнување на барањето.
4. Доколку фактурите кои се доставени во прилог на проектот се од странство, потребно е истите да бидат преведени на македонски јазик од овластен судски преведувач.
5. Исплатата на средства од оваа Програма по корисници ја врши Агенцијата врз основа на одобрени барања за исплата.
6. Доколку барателот или корисникот на средства од програмата ја промени адресата за кореснподенција, истиот е должен да ја извести агенцијата.
7. Доколку барателот се откажува од инвестицијата односно финансиската поддршка од Агенцијата пред донесување на одлука за ко-финансирање, истиот е должен писмено да ја извести агенцијата.
8. Пред поднесувањето на барањето, барателот е должен да ги има намирено сите финансиски обврски кон Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и финансиските обврски кон Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта и воден надоместок кон водостопанските претпријатија.
9. Агенцијата го задржува правото да побара дополнителна документација.
10. Пред поднесување на барањето за финансиска поддршка, барателите треба да ги имаат ажурирано податоците во Единствениот Регистар на Земјоделски Стопанства.

*Упатство за корисници на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој 2018*

**НАПОМЕНА: Во случај на техничка грешка во текстот на ова Упатство важат одредбите од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година, Правилникот за поблиски критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој и Правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој.**

Контакт:

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сектор за одобрување исплата.

Телефон 02 3097 460, секој работен ден од 10.00 до 16.00 часот

Е-пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk

*Мај 2018*

## *ПРИЛОГ 2 – ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ КОИ СЕ ДОСТАВУВААТ СО БАРАЊЕТО ЗА ИСПЛАТА*

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Фактури кои ги докажуваат реализираните трошоци со потпис и печат (оригинал) или фискална сметка со сметкопотврда или при увоз на стока, странската фактура да биде пропратена со превод од овластен судски преведувач | | Да |
| 2 | Детални испратници за испорачаниот саден материјал/набавен добиток,уредно заверени (оригинал) или CMR (Товарен лист) - во случај на увоз на стока (оригинал) | | Да |
| 3 | Извод од банка што го докажува плаќањето или при увоз, SWIFT е релевантен документ за плаќања во странство | Н/П | Да |
| 4 | Налог за плаќање ПП30/ПП10 со кој се извршува плаќањето (оригинал)<br><br>- при увоз, релевантен документ е акредитив - налог 1450 за плаќања во странство | Н/П | Да |
| 5 | Фотокопија од педигре или Потврда од овластена институција за издадено педигре | Н/П | Да |
| 6 | Решение за запишување на земјоделско стопанство во Единствениот регистар на земјоделски стопанства – издадена од подрачна единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не постаро од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик | | Да |
| 7 | Уверение за сортна чистота за набавка на насад или Фито сертификат за набавка на нов насад | Н/П | Да |
| 8 | Копија од Извештај од извршена агрохемиска анализа на почва | Н/П | Да |
| 9 | Царинска декларација – во случај на увоз на добра (копија) | Н/П | Да |
| 10 | Потврда за упис во Националниот регистар на лозови насади – издадена од подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, не постара од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик | Н/П | Да |
| 11 | Имотен лист – издаден од Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија, не постар од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик, илиДоговор за закуп/ Договор за послуга на земјиште и прилог имотен за земјиштето на име на закуподавачот издаден од Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија, не постар од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик. Или Договор за концесија на земјиште во сопственост на Република Македонија со Записник за воведување во владение, и прилог имотен лист | Н/П | Да |
| 12 | Регистарски број на одгледувалиште (РБО) доделен од Агенција за храна и ветеринарство со кој одгледувалиштето се идентификува | Н/П | Да |
| 13 | Образец на Договор за финансиска поддршка уредно заверен со потпи и печат на | | Да |

| | | |
|---|---|---|
| | **баратели от (оригинал, во 4 примероци)** | |

# У П А Т С Т В О

## ЗА КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ 2018

Ова Упатство е **БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК** наменет за потенцијалните корисниците на средствата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој 2018 – Мерка 121, во кој се содржани сите информации за критериумите, условите за прифатливост на проектите и условите за финансирање и останати информации кои се неопходни за изготвување на „Барањето за исплата".

Примероците од ова Упатство заинтересираните можат да ги подигнат директно во:

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,
бул. „ 3-та Македонска бригада" бр.20
(зграда на Македонија Табак блок Ц )
1000 Скопје

електронска верзија на пакетот за аплицирање на веб-адресата на Агенцијата:

www.ipardpa.gov.mk

*Мај 2018*